2021 ГОДИНА

# АНТИКОРУПЦИСКА ПРОГРАМА СО АКЦИСКИ ПЛАН

## АНАЛИЗА, ЦЕЛИ И СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

март, 2021 година

**Антикорупциски план - програма на**

**Министерство за информатичко општество и администрација**

## *Предговор*

Корупцијата е глобален предизвик со кој се соочуваат сите земји, без оглед на нивниот степен на развиеност или државно уредување. Затоа, земјите ширум светот постојано вложуваат напори за да ја подигнат свеста за корупцијата и за нејзините подривачки влијанија врз граѓаните. Не само што го нарушува процесот на носење одлуки, дотолку повеќе, корупцијата навлегува во сите пори на општествениот развој. Имено, социјалните, правните и економските сегменти на развојот се меѓусебно поврзани, па затоа појавата на корупција во еден сегмент значително влијае врз развојот на сите останати.

Властите сè повеќе препознаваат дека корупцијата е сериозна пречка за ефективно и ефикасно владеење, раст и стабилност, како и дека итно се потребни значителни чекори за справување со овој предизвик, на локално и на глобално ниво. Затоа, земјите развиваат закони, политики, методологии и програми со цел да го сузбијат овој феномен, да го искоренат од нивните системи и да обезбедат поквалитетен живот за нивните граѓани.

Како одговор на овој предизвик, како резултат на заложбите на Владата на Република Северна Македонија во борбата против корупцијата[1], Министерството за информатичко општество и администрација ја разви оваа Антикорупциска програма со конкретен Акциски план за спроведување, која има за цел да ги олесни напорите и заложбите во борбата против корупцијата, да придонесе кон нејзино искоренување и да спречи нејзина понатамошна појава, да обезбеди непречен развој на демократијата, владеење на правото и успешна интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија, како и да обезбеди квалитетна, ефективна и ефикасна јавна служба, целосно ослободена од коруптивни практики, која ќе биде вистински сервис за сите граѓани на Република Северна Македонија.

[1] Заклучок 26 од Информација за преземање на мерки за борба против корупција, 50-та седница на Владата на Република Северна Македонија од 02.03.2021

**Антикорупциски план - програма на**

**Министерство за информатичко општество и администрација**

## Содржина

Листа на поими ........ 3

Вовед ........ 1

За Министерството за информатичко општество и администрација ........ 2

Визија ........ 2

Мисија ........ 2

Надлежности ........ 2

Закони и подзаконски акти ........ 3

Стратегии и планови ........ 4

Други релевантни документи ........ 4

Цели ........ 5

Анализа за ризични области за корупција во рамките на делокругот на работењето ........ 6

Акциски план за 2021 година ........ 11

Улоги, одговорности, процес на следење и мониторинг ........ 26

## Листа на поими

**Корупција**: Законот за спречување судир на интереси ја дефинира **корупцијата** како „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба заради остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг“.[2] Притоа, под овој поим се опфатени и поимите:

- *пасивна корупција* – намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и

- *активна корупција* - намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски[3].

**Јавен интерес**: иако не постои единствена законска формулација застапена во сите прописи, прифатеното толкување е дека под јавен интерес се подразбираат сите права и обврски на граѓаните и правните лица во државата кои како такви се утврдени и гарантирани со уставот и законите во една држава како и ратификуваните меѓународни договори. Притоа, јавниот интерес, онака како што е дефиниран во Законот за спречување судир на интереси, претставува „заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата“[4].

**Приватен интерес**: материјален или нематеријален интерес на службеното лице што може да влијае врз неговото одлучување при вршењето на јавните овластувања и должности[5].

**Судир на интереси**: состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности[6].

---

[2] Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, чл.2, став (1), „Службен весник на Република Македонија, бр. 12/19“

[3] Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, чл.2, став (2), „Службен весник на Република Македонија, бр. 12/19“

[4] Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, чл.8, став (8), „Службен весник на Република Македонија, бр. 12/19“

[5] Закон за спречување на судир на интереси, чл. 3, став (1), ал.3, „Службен весник на Република Македонија, бр. 128/09“

## Антикорупциски план - програма на

## Министерство за информатичко општество и администрација

**Ризик од корупција**: кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на државни органи, јавни претпријатија и други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивиот на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот[7].

**Интегритет**: законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба кај граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции[8].

**Непотизам**: во најширока смисла, се дефинира како „влијание на семејните и роднинските врски при донесување на одлуки за вработување и склучување на јавни (управни) договори (најчесто во постапките за јавни набавки и издавање на дозволи)“[9].

**Клиентелизам**: давање привилегии или придобивки на клиентот во замена за услуги, придобивки или во политички контекст, гласови[10].

**Кронизам**: најчесто опфаќа ситуации во кои се претпочитаат пријатели или соработници, без оглед на тоа колку се соодветни. Најголема веројатност за појава на кронизам има во контекст на именувања, но може да се појави и во која било инстанца кога се практикуваат дискреционите права.[11].

---

[6] Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, чл.2, став (3), „Службен весник на Република Македонија, бр. 12/19“

[7] Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, чл.8, став (6), „Службен весник на Република Македонија, бр. 12/19“

[8] Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, чл.8, став (7), „Службен весник на Република Македонија, бр. 12/19“

[9]https://old.dksk.mk/fileadmin/Drzavni_programi/Drzavna_Programa_-_Sudir_na_interesi_2008-2011.pdf-Државна програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси со акционен план

[10] https://www.antibriberyguidance.org/glossary-Зборник на Глобалното упатство на Транспаренси Интернешнл против мито

[11] https://www.osce.org/files/f/documents/4/2/13743.pdf Канцеларија на Координаторот за економски активности и активности за заштита на животната средина, ОБСЕ. „Најдобри практики во борбата против корупцијата“

## Вовед

Како резултат на заложбите на Владата на Република Северна Македонија во борбата против корупцијата, Министерството за информатичко општество и администрација ја разви оваа Антикорупциски програма, која има за цел да ги олесни напорите и заложбите во борбата против корупцијата, да придонесе кон нејзино искоренување и да спречи нејзина понатамошна појава, да обезбеди непречен развој на демократијата, владеење на правото и успешна интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија, како и да обезбеди квалитетна, ефективна и ефикасна јавна служба, целосно ослободена од коруптивни практики, која ќе биде вистински сервис за сите граѓани на Република Северна Македонија. Составен дел на оваа програма е Акциски план во кој се утврдени мерки и активностите кои МИОА ќе ги преземе во претстојниот период во однос на сите претходно идентификувани области, со цел да ги минимизира ризиците, да се справи со предизвиците и да ги отстрани слабостите, за да биде што подобар партнер и сојузник во борбата против корупцијата и тоа преку точно утврдена динамика, одговорности и начин на известување.

Дополнително во овој документ е даден краток осврт на профилот на министерството, неговите цели, надлежности, изготвени закони и останати документи, како и целите за кои е изготвен документот. Понатаму, документот содржи и Анализа за ризичните области за корупција во рамките на делокругот на работењето, која всушност претставува наративен опис на моментална состојба и алатка за идентификување на предизвиците и слабостите.

Главен фокус во Антикорупциската програма со Акциски план на Министерството за информатичко општество и администрација се става на два клучни аспекта:

- **<u>екстерен аспект: што може министерството да направи на национално ниво</u>** за спречување на корупцијата во однос на дигитализацијата и администрацијата и
- **<u>интерен аспект: кои мерки треба да ги преземе за да превенира и спречи корупција однатре</u>**, во самата институција.

**Во однос на првиот аспект**, многу од активностите се согласно Акцискиот план на Стратегијата за реформи во јавната администрација 2018-20222 година, во кои се предвидени мерки и активности за зајакнување на институционалниот систем и законодавството за спречување на корупција и судир на интереси, како и зајакнување на интегритетот на институциите.

**Во однос на вториот аспект**, Министерството за информатичко општество и администрација ја изготви оваа Антикорупциска програма со Акциски план, кои ќе бидат водич за понатамошните активности кои МИОА ќе ги преземе за борба против корупцијата.

**Антикорупциски план - програма на**

**Министерство за информатичко општество и администрација**

## За Министерството за информатичко општество и администрација

### Визија

Стручна, ефикасна, отчетна администрација во служба на граѓаните и бизнис заедницата во Република Северна Македонија, дигитална трансформација и понатамошен развој на информатичко општество.[12].

### Мисија

Носители сме на реформите во администрацијата, насочени кон лесно достапни, брзи и квалитетни услуги за граѓаните и бизнис заедницата и побрз економски раст на Република Северна Македонија. Го водиме и креираме развојот на информатичкото општество во Република Северна Македонија[13].

### Надлежности

Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија има две основни надлежности, информатичко општество и администрација. Како лидер за развој на информатичкото општество и администрација, задолжено е за промоција и развојот на информатичкото општество, како и за уредување, развој и промоција на администрацијата во Република Северна Македонија. Исто така, задолжено е да врши работи поврзани со развој и промоција на информатичкото општество, креирање и водење регистар на информациско-комуникациските системи и информатичката опрема во рамките на органите на државната управа; интегрирана информатичка и комуникациска мрежа, бази на податоци, меѓусебно поврзување и размена на информации, безбедносни аспекти и развој на инфраструктурата на државните органи, правните и другите лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања.

Понатаму, Министерството е надлежно и за вршење работи поврзани со следењето на состојбите со информациско-телекомуникациските технологии и воведувањето меѓународни стандарди; телекомуникациите и телекомуникациската инфраструктура; како и радиодифузијата и радиодифузната инфраструктура.

Во однос на администрацијата, Министерството врши работи кои опфаќаат, меѓу другото, законско уредување на прашањата во врска со администрацијата; надзор и обезбедување единствена примена на прописите што се однесуваат на државните и јавните службеници; развивање политики поврзани со правата, обврските, одговорностите и оценувањето на државните и јавните службеници; класификација и опис на работните места, платите и

[12] Министерство за информатичко општество и администрација. Стратешки план 2021 – 2023 година. Достапен на: https://www.mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/strategies/strateski_plan_2021_-_2023_potpisan.pdf
[13] Министерство за информатичко општество и администрација. Стратешки план 2021 – 2023 година. Достапен на: https://www.mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/strategies/strateski_plan_2021_-_2023_potpisan.pdf

надоместоците на плати на државните и јавните службеници; и водење Регистар за државните и јавните службеници.

Министерството за информатичко општество и администрација подготвува стратешки документи за ефикасно и ефективно работење, обука и стручно усовршување на државните и јавните службеници, и задолжено за организирање и спроведување на обуките. Врши и работи поврзани со развојот и координацијата на политиките во однос на управувањето со човечките ресурси; реформата на јавната администрација, остварувањето меѓународна соработка по прашања од негова надлежност, како и други работи соодветно утврдени со закон[14].

## Закони и подзаконски акти[15]

Како дел од својата работа и надлежности, Министерството за информатичко општество и администрација е задолжено за подготвување повеќе закони и подзаконски акти од областа на администрацијата и информациско-комуникациските технологии. Досега, министерството ги има подготвено следните закони и подзаконски акти:

- Од областа на организација и работа на администрацијата:
  - Закон за административни службеници и подзаконски акти кои произлегуваат од овој закон;
  - Закон за вработените во јавниот сектор и подзаконски акти кои произлегуваат од него;
  - Закон за основање на државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен;
  - Закон за основање на државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка;
  - Закон за инспекциски надзор и подзаконски акти кои произлегуваат од овој закон;
  - Закон за организација и работа на органите на државната управа;
  - Закон за општата управна постапка;
  - Закон за управна инспекција и подзаконски акти;
  - Закон за архивски материјал;
  - Закон за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност;
  - Закон за воведување систем за управување со квалитетот и заедничка рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба и подзаконски акти од овој закон.

- Од областа на информациско-телекомуникациските технологии:
  - Закон за електронските комуникации и акти кои произлегуваат од овој закон;
  - Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и соодветни подзаконски акти;
  - Закон за медиуми и подзаконски акти кои произлегуваат од овој закон;
  - Закон за основање на ЈП Македонска радиодифузија;

[14] https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/64
[15] https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/documents/legislation

- Закон за основање на Македонска академска истражувачка мрежа (МАРНет);
- Закон за централен регистар на население и подзаконски акти од овој закон;
- Закон за електронско управување и електронски услуги и соодветни подзаконски акти;
- Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги и подзаконски акти;
- Закон за користење на податоците од јавниот сектор.

## Стратегии и планови

Како дел од своите надлежности, Министерството за информатичко општество и администрација има развиено и повеќе стратегии и планови за унапредување на информатичкото општество и на администрацијата во Северна Македонија. Дел од стратегиите и плановите на Министерството за информатичко општество и администрација вклучуваат:

- Стратешки план за 2021 – 2023 година;
- Годишен план за работа за 2021 година;
- Национален акциски план за отворено владино партнерство[16];
- Национален оперативен бродбенд план[17];
- Национална стратегија и Акциски план за сајбер безбедност на Република Северна Македонија 2018 – 2022 година;
- Стратегија за реформа на јавната администрација со Акциски план 2018-2022 година;
- Нацрт-Национална долгорочна ИКТ стратегија 2021-2025.

## Други релевантни документи

- Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА);
- Акти кои ја уредуваат материјата за Проценка на влијание на регулативата[18];
- Годишна програма за работа на Владата 2021;
- Стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2021;
- Стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2022;
- Извештаи од ЕУ за напредокот на Република Северна Македонија;
- Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025;
- Извештај од проектот „Проценка на ранливост од корупција во политиките и постапките за вработување, со посебен фокус на непотизам, кронизам и клиентелизам"- Државната комисија за спречување на корупцијата и „Транспаренси интернешнл Македонија".[19]

---

[16] www.ovp.gov.mk

[17] Формирана е Национална канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), како експертско и советодавно тело за поддршка на инвестиции во бродбенд мрежи, во насока на спроведување на НОБП https://bco.mioa.gov.mk/

[18] https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/1484

[19] https://dksk.mk/wp-content/uploads/2020/12/%D0%A4%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98.pdf

**Антикорупциски план - програма на**

**Министерство за информатичко општество и администрација**

## Цели

Програмите и плановите за борба против корупцијата опфаќаат различни аспекти, од дефинирање на корупцијата, до што секој вработен може да стори за да ги идентификува и управува етичките дилеми и ризикот од корупција. Овој Антикорупциски план-програма се фокусира на утврдување конкретни мерки и активности за контрола и превенција на појавата на корупција. Таа претставува еден вид почетна анализа за ризични области за корупција во рамките на делокругот на работењето на МИОА, односно се труди за ги идентификува причините, условите и факторите кои ја овозможуваат корупцијата но едновремено преку акцискиот план се дава пресек на конкретно планирани активности и начинот на нивна операционализација со цел соодветна превенција и одговор на поставените цели во овој документ.

Имено, клучните проблеми и ризични фактори за појава на корупција и судир на интереси во јавната администрација се однесуваат на:

- отсуството на систематизирани мерки за спречување на корупцијата;
- отсуството на проценка на ризикот од појава на корупција во институциите на јавната администрација;
- отсуството на цврсти гаранции за спроведување на процедурите за работа;
- нецелосно децентрализирано управување со јавните средства недостаток на јавна контрола врз работата на јавната администрација, што ги отвора вратите за различни форми на судир на интереси.

Имајќи го предвид горенаведеното, овој Антикорупциски план-програма има за цел да воспостави ефикасен систем на мерки и активности кои ќе овозможат превенција и борба со корупцијата како главен стратешки приоритет и да оствари неколку цели со кои значително ќе се намалат проблемите и ризичните фактори за појава на корупција:

- зголемување на нивото на политичка одговорност и демонстрирана волја за борба против корупцијата;
- јакнење на интегритетот и отчетноста на раководството и вработените во министерството, базирано на систем на вредности и критериуми за квалитет;
- почитување на законските прописи, на Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, како и на Кодексот за административни службеници;
- спроведување на надлежностите на министерството на законски, транспарентен, етички, економичен, одговорен и ефективен начин;
- поддршка на органите во дигитализација на јавните услуги;
- проактивна транспарентност, зајакната контрола и надзор во јавните набавки и во склучувањето договори;
- јакнење на алатките за отчетност и транспарентност во работењето;
- подигнување на јавната свест и спроведување антикорупциска едукација за вработените и градење личен и професионален интегритет;
- зајакнување на довербата на граѓаните во институциите и мотивирање да пријават корупција.

## Анализа за ризични области за корупција во рамките на делокругот на работењето

Проблемите и мерките во Акцискиот план-програма на МИОА се систематизирани во следните области:

- **Администрација и јавен сектор**

Непристрасна, ефикасна, ефективна администрација, која е независна од политичко влијание е еден од клучните делови во борбата против корупцијата. Администрацијата мора да работи на принципите на етичност и интегритет, а нејзините механизми за санкционирање на неетичкото и коруптивно однесување мора да се направат пофункционални. Јавната перцепција за независна, ефикасна, непристрасна администрација и довербата во истата е важен предуслов за успешноста на антикорупциската политика и доброто владеење на правото во земјата.

Од друга страна, департизирана администрација, заснована врз заслуги е браникот во борбата против корупцијата. При вработувањето во јавниот сектор треба да се почитуваат сите процедури, а во законската рамка да се вклучат што повеќе мерливи критериуми и да се избегне дискреционата моќ. Оттука, врз основа на своите законски надлежности МИОА редовно врши следење и анализа на примената на прописите, анализи и проценка на влијанијата, навремени консултации со затегнатите страни и посветено работи на унапредување на правната рамка во делот на администрација односно на Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за висока раководна служба и Законот за организација на органите на државна управа.[20]

Исто така МИОА, има клучна улога во процесот на усогласување и давање согласности на актите за внатрешна организација и актите за систематизација на институциите од јавниот сектор, процес кое е исправен пред предизвикот на често менување на правилниците за систематизација на работните места, усогласување на правилниците за систематизација на работни места во поглед на видот на образование и тоа кај исти работни места. Имајќи предвид дека овие области можат да бидат предмет на клиентилизам, МИОА постојано се залага да ги преземе сите неопходни мерки за превенција на појава на корупција и посветено работи на континуирано зајакнување на контролните механизми при давање на согласности на правилниците за внатрешна организација и систематизација.

Проценката на влијанието на регулативата (ПВР) претставува интегрален дел во процесот на подготовка на закони. МИОА, како надлежно министерство за управување на процесот на регулаторна реформа, редовно ја информира Владата на Република Северна Македонија за примената и спроведувањето на Методологијата за ПВР.

Дополнително, се врши и редовна проверка на предлог-законите кои се доставуваат во Владина процедура за разгледување, дали се усогласени со актите кои ја уредуваат материјата за

[20] преку ИПА 2017 „Поддршка за државната реорганизација“

ПВР и дали е спроведена навремена консултација со засегнатите страни преку Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР), а годишните извештаи за спроведувањето и квалитетот на овој процес редовно се објавуваат на веб-страницата на министерството и на порталот www.data.gov.mk во отворен формат. Покрај координативната улога во овој процес, министерството е целосно посветено подготовката на предлог-закони од својата надлежност да се темели на квалитетни анализи и проценка на влијанијата, како и навремени консултации со затегнатите страни.

Освен измени во законската регулатива, неопходно е зајакнување на капацитетите, преку Мрежата на човечки ресурси, во институциите во однос на примената на законските и подзаконските акти. Преку Мрежата се работи на зајакнување на меѓуинституционална соработка и поддршка на институциите во јавниот сектор преку воведување прирачници, водичи, виртуелни обуки на квартално ниво и сл. Стратешки приоритет е преку Мрежата да се обезбеди: надминување на недостатоците и поедноставување на процедурите во управувањето со човечките ресурси, развивање администрација ориентирана кон граѓаните преку унапредени практики, поддршка на политиките за обезбедување еднакви можности на вработените во јавниот сектор и отворена и транспарентна комуникација. Исто така, стручното усовршување и развојот на човечките ресурси во администрацијата претставува алатка за постигнување на професионално, компетентно и ефективно работење на службениците.

Преку новата Методологијата за оценка на квалитетот на работата на институциите, Министерството за информатичко општество и администрација ќе спроведе мерење на работа на дел од институциите најмногу насочени кон давање на услугите кон граѓаните, со што ќе овозможи да се идентификуваат институциите кои добро работат и кои испорачуваат квалитетни услуги. Со спроведени анкети и методот „Таен клиент“ ќе се истражува задоволството на корисниците од добиените услуги, а преку овој механизам индиректно може и да се утврди потенцијално присуство на практики поврзани со корупција, кронизам и клиентелизам. Со спроведување на активностите од Методологијата се очекува да се подобри работењето на институциите од јавниот сектор преку мобилизирање и фокусирање на работата на сите вработени, оние кои даваат услугите, вработените од првата линија на комуникација со клиентите, вработените задолжени за политики, стратегија и истражување, како и раководителите – со заедничката цел: подобрување на услугите и задоволството на клиентите.

- **Дигитализација на јавни услуги**

Дигитализацијата на јавните услуги кои ги даваат институциите ја зголемува транспарентноста, ефективноста, ефикасноста, пристапноста, контролата и анализата на податоците кои се разменуваат меѓу институциите. Затоа, само добро поврзани и интегрирани системи, кои содржат проверени, синхронизирани и точни податоци, а од друга страна го намалуваат човечкиот фактор во самите процеси, може да придонесат до намалување на корупцијата и лесно откривање на сите настанати злоупотреби, односно откривање на корупцијата. За таа цел е потребно целосно интегрирање на системите преку платформата за Интероперабилност, а сите лични податоци за граѓаните да бидат преземени од системот на Централниот регистар на население. Во таа насока, дигитализацијата на јавните услуги не смее да

се спроведува како локален - институционален проект, туку треба да се одвива на национално ниво преку веќе воспоставениот Портал за еУслуги. Секој обид да се воспостави дигитална услуга за граѓаните или бизнисите независно од Порталот за еУслуги треба да подлежи на проверки од МИОА а врз основа на проверките и наодите од МИОА и задолжително добивање на позитивно мислење од Владата. Секоја веќе воспоставена дигитална услуга треба да се провери и по можност мигрира на порталот за еУслуги пред 1.1.2023 година.

Дополнително, воведувањето на електронскиот систем за управување со документи (ДМС) овозможува оптимизација и дигитализација на работните процеси во институциите, како и воведување унифицирано канцелариско и архивско работење. ДМС системот овозможува унифицирана работа на институциите согласно законската регулатива и максимално се спротивставува на коруптивното работење кое е овозможено со локални или периодични правила во работењето кои се надвор од законската регулатива. Системот овозможува генерирање на извештаи кои покажуваат дали одреден службеник ја завршил неговата работата, а во исто време ваквите податоци водат кон јасен траг за евентуални злоупотреби на службената должност. Работењето во ДМС мора да се подржува и надградува бидејќи претставува основа на антикорупциското однесување и алатка за побрзо и поквалитетно давање на услугите кон граѓаните и бизнисите. Зголемувањето на употребата на електронски системи за управување со документи во институциите и бројот на дигитализирани процеси, води кон комплетно дигитално работење и намалување на можностите за коруптивно однесување.

Со самиот процес на дигитализација и доближување на услугите кон граѓаните, потребна е промоција на значењето на електронските документи, електронските потписи, печати и останати доверливи услуги кај граѓаните, но и кај администрацијата. Од една страна, административните службеници треба да се обучени за нивните обврски врзани со тоа како се препознава оригинален документ во електронска форма (што е полесно отколку во печатена форма), како да го проверат интегритетот на документот и неговото потекло (електронскиот потпис или печат), како и дека не смеат да одбијат правилно поднесен документ во електронска форма. Граѓаните пак треба да се обучат за нивните права во електронското работење и истите да ги бараат од институциите.

Дополнително, граѓаните било во улога на корисници на дигиталните услуги воопшто или во улога на административни службеници, треба да бидат свесни и обучени за ризиците од работењето на интернет и можните последици од несоодветното работење и да се стекнат со основни знаења од сајбер безбедност.

Од друга страна, пак, Министерството за информатичко општество и администрација, преку порталот www.data.gov.mk ја спроведува координацијата на политиките за отворени податоци. Законот за користење на податоците од јавниот сектор, ја дефинира обврската на органите и институциите од јавниот сектор за објавување на податоците кои ги создаваат (во отворен формат), со цел да се овозможи користење на податоците од страна на физичките и правните лица во креирање на нови информации, содржини, апликации и услуги. Придобивки од отворени податоци се транспарентност и доверба, јавно учество и соработка меѓу јавниот сектор и др. сектори, економски придобивки и поголема ефикасност на државните институции. Освен

координативната улога и поддршката на институциите во процесот на отворање на податоци, Министерството за информатичко општество и администрација е целосно посветено на отворање и ажурирање на податоците од својот делокруг на работење, а на тој начин ја унапредува својата проактивниот и отчетност кон јавноста.

- **Зајакната контрола и надзор на јавни набавки и процесот за управување со јавните финансии**

Преку процесот на јавни набавки во јавниот сектор, властите на национално и на локално ниво се под ризик од коруптивни практики заради остварување финансиски добивки. Затоа, со цел да се заштити јавниот интерес, да се добие најдобрата вредност за јавните трошоци, да се обезбеди фер конкуренција во постапките и правичен третман на понудувачите, неопходно е да се постигне највисоко ниво на транспарентност на процесите, зајакнување на капацитетите со квалификувани и обучени кадри за спроведување на јавните набавки, засилување на контролата врз спроведувањето на јавните набавки; зголемување на ефикасноста во реализацијата на јавните набавки и зголемување на личниот интегритет на лицата вклучени во нивно спроведување.

Министерството за информатичко општество и администрација ревносно го води процесот на управување со јавните финансии преку механизмите за буџетирање, распределба, трошење и отчетност. Со цел намалување на потенцијалните можности за корупција во процесот на буџетирање, заложбата на министерството се однесува во делот на креирање политики и подигнување на политичката волја за антикорупциските практики. Техничките форми за надминување на корупција во процесот на буџетска формулација[21] се состојат во институционално учество во распределбата на средства по области или проекти. Со цел избегнување на корупцијата во форма на политичко влијание при искористување на дискреционо право врз приоретизирање на проекти или области при буџетирањето, во институцијата буџетирањето е отворен процес со активно учество на сите засегнати страни. Буџетската распределба на ресурси и потенцијалниот ризик за лобирање врз носителите на одлуки е законски регулиран процес кој во голема мера зависи од интегритетот на чинителите во процесот, а не од административните практики. Административните антикорупциски практики можат да влијаат на ниво на тривијална, но не и на реалната корупција за која е потребна силна политичка волја и континуирана ревизија на работењето. Трошењето на буџетските средства е најчест извор на корупциски закани кои министерството се обидува да ги пресретне со стандардизирање на процесите за јавни набавки и зголемување на транспарентноста преку промовирање на користењето на системот за отворени финансии. Дополнително, внатрешната ревизија во МИОА е корективен механизам кој го помага континуираното подобрување на работните практики и ги намалува коруптивните закани. Отчетното управување со јавните финансии е од витално значење, а во таа насока министерството ја препознава потребата од ажурно споделување со јавноста на: годишниот буџет, извештаите за реализација на буџетите и завршните сметки.

[21] Chêne, Marie and Morgner, Matthias. Public Finance Management –Topic guide. Transparency international, 2014.

- **Јакнење на алатките за отчетност и транспарентност во работењето-поактивна транспарентност**

Во ера на голема достапност до различни извори на информации, како и на лесно достапни можности за пласирање информации или дезинформации, голема е можноста граѓаните да се здобијат со погрешни сознанија во однос на работата на институциите, како и во однос на корупцијата и она што таа го претставува. Ова може да резултира со поткопување на довербата на граѓаните во институциите, како и со помала можност да се идентификуваат и пријавуваат потенцијалните коруптивни практики. Затоа, со цел да се зајакне довербата на граѓаните кон институциите, Министерството за информатичко општество и администрација обезбедува пристап и можност на целокупната јавност да има увид во неговото работење. МИОА го овозможува ова преку транспарентно и навремено објавување на информации за неговата работа преку користење релевантни канали за информирање. Притоа, МИОА континуирано ги користи и сите расположливи ресурси за информирање за да споделува информации и податоци во однос на корупцијата и мерките кои ги презема за да ја спречи нејзината појава.

На овој начин, Министерството за информатичко општество и администрација придонесува во борбата против корупцијата и помага во напорите за зголемување на свесноста на јавноста за корупцијата, земајќи предвид дека свесноста на јавноста за негативните ефекти на корупцијата е основен дел на која било ефективна стратегија за превенција на корупцијата[22]. Со тоа, не само што се споделуваат и обелоденуваат суштински информации за корупцијата, дотолку повеќе, на службениците и граѓаните им се дава импулс за да се охрабрат да пријавуваат коруптивни практики или појави.

Дополнително, во насока на поголема транспарентност и борба против лажни вести во однос на корупцијата, МИОА ќе продолжи да ја одржува комуникацијата со јавноста, преку обезбедување навремени и релевантни информации за антикорупциските мерки кои се преземаат, со што ќе се стесни просторот за ширење дезинформации, а граѓаните и службениците постојано ќе бидат точно и навремено информирани.

[22]https://www.unodc.org/documents/treaties/UNCAC/WorkingGroups/workinggroup4/2010-December-13-15/V1056726e.pdf#page=6

## HRАкциски план за 2021 година

<table>
<tr><td colspan="7">1. Администрација и јавен сектор<br>Намалување на ризикот за корупција на вработените во однос на хоризонталните и вертикалните надлежности за креирање и имплементација на политиките за управување со човечките ресурси во јавната администрација, воведување на унифицирани внатрешни процедури со почитување на стандардите за квалитет, оптимизација на извршувањето на работните задачи на вработените и унапредување на соработката со сите засегнати страни</td></tr>
<tr><td>РБ</td><td>Цел</td><td>Активност</td><td>Носител/сектор</td><td>Соработка</td><td>Временска рамка</td><td>Предуслови</td></tr>
<tr><td rowspan="2">1.1</td><td rowspan="2">Засилување на контролата врз спроведувањето на давање согласност на актите за внатрешна организација и систематизации, функционална анализа и ГП за вработување</td><td>Подготовка на месечни извештаи за текот и статусот на предметите/барања за согласност на актите за внатрешна организација и систематизации, функционална анализа и ГП за вработување и нивно доставување до врвното раководство</td><td>Сектор за поддршка на институциите од јавниот сектор</td><td></td><td>континуирано</td><td></td></tr>
<tr><td>Подготовка на Извештај со анализа и препораки за унапредување на квалитетот и коруптивно влијание, клиентелизам и кронизам при постапување по доставените барања</td><td>Сектор за поддршка на институциите од јавниот сектор</td><td></td><td>август 2021</td><td></td></tr>
<tr><td>1.2</td><td>Зајакнување на</td><td>Обука на сите вклучени</td><td>Сектор за поддршка</td><td></td><td>континуирано</td><td></td></tr>
</table>

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | капацитетите со квалификувани и обучени кадри за поддршка на институциите во јавен сектор | службеници во процесот на давање на согласности, за сите области | на институциите од јавниот сектор | | | |
| 1.3 | Зајакнување на меѓуинистуционалната соработка и соработка и зајакнување на поддршката на институциите во јавниот | Изработка на водичи (темелени на законска и подзаконска регулатива) во однос на процесот на подготовка на систематизации, функционална анализа и ГП преку Мрежата за управување со човечки ресурси | Сектор за развој и управување со човечки ресурси во институциите од јавниот сектор, Сектор за поддршка на институциите од јавниот сектор | Со членовите на Мрежата за управување со човечки ресурси | континуирано | |
| | | Промоција на водич/прирачник за подготовка на систематизации, функционална анализа и ГП преку Мрежата за управување со човечки ресурси | Сектор за развој и управување со човечки ресурси во институциите од јавниот сектор, Сектор за поддршка на институциите од јавниот сектор | Со членовите на Мрежата за управување со човечки ресурси | континуирано | |
| | | Утврден и објавен план за спроведување на обуки/консултации во однос на подготовка на систематизации, функционална анализа, користење на ИСУЧР и ГП преку Мрежата за | Сектор за развој и управување со човечки ресурси во институциите од јавниот сектор, Сектор за поддршка на институциите од јавниот сектор, | Со членовите на Мрежата за управување со човечки ресурси | јуни 2021 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | управување со човечки ресурси | Академија за стручно усовршување на административните службеници | | | |
| 1.4 | Етички кодекс | Изменување и дополнување на Етичкиот кодекс | Сектор за нормативно-правни работи | Заменик на претседателот на Владата на РСМ, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси | мај 2021 – јуни 2021 | |
| | | Запознавање на вработените со кодексот и придобивките (доследно почитување) | Сектор за човечки ресурси, Сектор за развој и управување со човечки ресурси во институциите од јавниот сектор | Со членовите на Мрежата за управување со човечки ресурси | континуирано | |
| 1.5 | Уредување и воспоставување на основни принципи за работа он-лајн работа | Промоција на Прирачник за систематизација и распоредување на документација на споделен дигитален простор | Сектор за нормативно-правни работи, Сектор за развој и управување со човечки ресурси во институциите од јавниот сектор | Со членовите на Мрежата за управување со човечки ресурси | мај 2021 – јуни 2021 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.6 | Намалување на ранливоста од корупција во постапките за вработување и стручност и компетентност на административните службеници | Донесени законски решенија со кој ќе се утврди унифицирана рамка за постапка за вработување, поголема транспарентност во работењето на Комисија за ревизија на постапката за вработување, со ограничено право на изменување и дополнување на актите за внатрешна организација и систематизација и вработување на определено време на раководно работно места | Сектор на нормативно правни работи | Агенција за администрација | декември 2021 | Изработка на новите ЗАС и ЗВЈС |
| 1.7 | Намалување од ризиците на корупција при избор и именување на високи раководители | Донесени законски решенија за професионални високи раководители, избрани преку отворена и меритократска постапка | Сектор за нормативно правни работи | | декември 2021 | Изработка на нов Закон за висока раководна служба |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.8 | Јакнење на контролната улога на МИОА | Донесување на законски решенија со кој ќе се додели нова надлежност на Министерството да го контролира процесот на донесување на одлуки во постапките за формирање / спојување / укинување на органи на државната управа | Сектор за нормативно правни работи | | декември 2021 | Изработка на новиот ЗООДУ<br>Изработка на Методологија за проценка на влијание при формирање / спојување / укинување на органите на државната управа |
| 1.9 | Внатрешна ревизија | Пополнување на работното место внатрешен ревизор | Државен секретар, министер | | декември 2021 | Согласност од МФ, Измена на ГП за вработување |
| | | Зајакнување на капацитетите за внатрешен ревизија | Државен секретар, министер | | декември 2021 | Согласност од МФ, Измена на ГП за вработување |
| 1.10 | Спроведување на постапка за ИСО сертификација | Воведување на процедури | Одделение за стандардизација и сертификација | | јуни 2021 | |
| | | Следење на постапувањето на сите вработени согласно ИСО процедурите | Одделение за стандардизација и сертификација | | континуирано | |
| 1.11 | Мерење успешност во работењето и испорака на квалитетни услуги | Спроведување активности предвидени со Методологијата за оценка на квалитетот на работата на институциите се очекува | Одделение за меѓународна соработка и ЕУ интеграција | Институции во кои се спроведува мерењето | септември 2021 | Обезбедување финансиски средства |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | да го подобри работењето на институциите од јавниот сектор | | | | |
| 1.11 | Унапредување на квалитетот на работата со странки | Интерен акт за постапување на службениците кон странките | Сектор за нормативно - правни работи | | август 2021 | |
| 1.4 | Јакнење на интегритетот на вработените и градење на култура на нетолерантност кон корупцијата | Спроведување на обуки за вработените во МИОА за јакнење на свеста | Државен секретар, Академија за стручно усовршување на административните службеници | ДКСК | мај 2021-декември 2021 | Потпишување Меморандум или др. вид договор за соработка |
| | | Развивање на е-обуки за LMS системот во однос на интегритет, примање подароци, судир на интереси, корупција и сл. | Државен секретар, Академија за стручно усовршување на административните службеници | ДКСК | декември 2021 | |
| | | Изработка на План за интегритет на МИОА | Сектор за нормативно - правни работи, членови на РГ од СРЈА за Јакнење на интегритетот и етиката на политичко и професионално ниво | | јуни 2021 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.13 | Партиципативно креирање на политики | Донесување на Решение за Координаторот за ПВР | Сектор за човечки ресурси | | мај 2021 | |
| | | Подготовка и објава на Годишен план за спроведување на проценка на влијание на регулативата за 2021 година на ЕНЕР | Координаторот за ПВР | | мај 2021 | |
| | | Јакнење на капацитетот за проценка на влијание на регулативата | Одделение за координација на ПВР и ОСР | | континуирано | |
| | | Партиципативно креирање на политики преку навремени консултации (Обезбедување на минимум 20 дена за коментари на ЕНЕР по нацрт извештаи за ПВР, нацрт закони и нацрт подзаконски акти) | Сектор за нормативно - правни работи | | континуирано | |
| **2. Дигитализација на јавни услуги**<br>Дигитализацијата на јавните услуги кои ги даваат институциите ја зголемува транспарентноста, ефективноста, ефикасноста, пристапноста, контролата и анализата на податоците кои се разменуваат меѓу институциите. Затоа, само добро поврзани и интегрирани системи, кои содржат проверени, синхронизирани и точни податоци, а од др. страна го намалуваат човечкиот фактор во самите процеси, може да придонесат до намалување на корупцијата и лесно откривање на сите настанати злоупотреби, односно откривање на корупцијата | | | | | | |
| **Р.бр** | **Цел** | **Активност/Резултат** | **Носител/сектор** | **Соработка** | **Временска рамка** | **Предуслови** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1 | Квалитетна и навремена размена на податоци меѓу институциите | Приклучување на институциите на Интероперабилност, ДМС Централен регистар на население | РГ за Интероперабилност, ДМС, Централен регистар на население | институции | континуирано | Финансиски средства |
| | | Елиминација на хартија и дигитализација на работните процеси | РГ за ДМС | институции | континуирано | Финансиски средства |
| | | Интегрирање на ДМС системите | РГ за ДМС | Институции, Влада | континуирано | Финансиски средства |
| 2.2 | Обезбедување на електронски услуги на Националниот портал за е-услуги | Дигитализација на услугите кои не се во електронска форма | РГ за ИПА 2017, РГ за одржување на Порталот | | континуирано | Финансиски средства |
| | | Интеграција на е-услугите кои се достапни на други портали на Националниот Портал | РГ на ИПА 2017, РГ за одржување на Порталот | | континуирано | Финансиски средства |
| | | Промоција на можностите на порталот е-услуги до јавноста | Одделение за односи со јавност, протокол и превод; РГ на ИПА 2017; РГ за одржување на Порталот | | континуирано | Финансиски средства |
| 2.3 | Зголемување на свесноста за електронско работење | Промовирање на придобивките од електронското работење до граѓаните | Одделение за односи со јавност, протокол и превод; РГ за одржување на Порталот; | | континуирано | Финансиски средства |
| | | Промоција на значењето на електронските | Одделение за односи со јавност, протокол и превод; | | континуирано | Финансиски средства |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | документи, електронската идентификација и доверливите услуги за граѓани, како и нивните права во електронското работење | Работна група за trusteid; РГ за одржување на Порталот; | | | |
| | | Обука на административните службеници за правното значење на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги | Академија за стручно усовршување на административните службеници; Сектор за нормативно - правни работи; Работна група за trusteid | | континуирано | |
| | | Електронски обуки на административните службеници во областа на безбедно работење на интернет | Академија за стручно усовршување на административните службеници; Одделение за безбедност на мрежи и информациски системи | Национален центар за одговор на компјутерски инциденти MKD-CIRT | континуирано | |
| 2.4 | Афирмирање и проширување на | Воведување и пуштање во употреба на нови ЕТУ | РГ за ЕТУ | општините | континуирано | Финансии |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | концептот Една точка за услуги | | | | | |
| 2.5 | Отворени податоци | Идентификација, приоретизација на податочни сетови | РГ за Отворени податоци | | јуни 2021 | |
| | | Ажурирање на каталог на податочни сетови | РГ за Отворени податоци | | септември 2021 | |
| | | Зголемување на бројот на објавени податочни сетови за 50 % | РГ за Отворени податоци | | декември 2021 | |
| 2.6 | Подобрување на квалитетот на податоци за граѓаните содржани во ИКТ системите | Воведување на ново поле „Статус“ за секој граѓанин во системот Централен регистар на население кој укажува за квалитетот на податоци за дадениот граѓанин | РГ за ЦРН | | декември 2021 | |
| **3. Зајакната контрола и надзор на јавни набавки и финансиско работење**<br>Трошењето на буџетските средства е најчест извор на корупциски закани кои министерството се обидува да ги митигира со стандардизирање на процесите за јавни набавки и зголемување на транспарентноста преку промовирање на користењето на системот за отворени финансии | | | | | | |
| **Р.бр** | **Активност** | **Резултат** | **Носител/сектор** | **Соработка** | **Временска рамка** | **Предуслови** |
| 3.1 | Контролата врз спроведувањето на јавните набавки | Анализа на јавните набавки од претходната финансиска година, со извештај за причините за | Сектор за јавни набавки | Со секторите и со работните групи назначени за | август 2021 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | нереализацијата и препораки за идните набавки | | реализација на проектите или тековните активности | | |
| 3.2 | Зајакнување на капацитетите со квалификувани и обучени кадри за спроведување на јавните набавки | Обука за јавни набавки за сите вработени во Секторот, како и лицата/членови во Комисии за јавни набавки | Сектор за јавни набавки, Академија за стручно усовршување на административните службеници | БЈН | континуирано | Потпишување Меморандум или др. вид договор за соработка |
| | | Обука за интегритет во јавните набавки | Сектор за јавни набавки, Академија за стручно усовршување на административните службеници | БЈН, ДКСК | континуирано | Потпишување Меморандум или др. вид договор за соработка |
| 3.4 | Подобрување на способноста за остварување на стратешките цели на Министерството преку управување со заканите и можностите | Подготовка на Стратегија за управување со ризиците | Сектор за финансиски прашања | | јуни 2021 | |
| | | Подготовка на Регистар на ризици | Сектор за финансиски прашања | | јуни 2021 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.2 | Објавување на извештаи на МИОА за постапување по наодите на ДЗР | Анализа на наоди и препораки од ДЗР | Сектор за финансиски прашања, Сектор за правни прашања, внатрешен ревизор | РГ за одредени системи | континуирано | |
| | | Приоритизација и постапување по наоди од ДЗР | Сектор за финансиски прашања, Сектор за правни прашања, внатрешен ревизор | РГ за одредени системи | континуирано | |
| | | Подготовка на квартални извештаи за постапување по наодите на ДЗР | Сектор за финансиски прашања, Сектор за правни прашања, внатрешен ревизор | РГ за одредени системи | континуирано | |
| 3.6 | Унапредено и транспарентно Финансиско-сметководствено работење | Објавување на web на планот за јавни набавки; линковите до објавите на ЕСЈН на огласите за јавни набавки и тендерски документации; Известувањата за склучен договор и за реализација на договорите како и самите договори за | Сектор за јавни набавки, Одделение за односи со јавност, протокол и превод | | континуирано | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | јавни набавки и нивните анекси | | | | |
| | | Споделување со јавноста на: годишниот буџет, извештаите за реализација на буџетите и завршните сметки | Сектор за финансиски прашања, Одделение за односи со јавност, протокол и превод | | континуирано | |
| | | Поставување на линк до отворени финансии | Одделение за односи со јавност, протокол и превод | | мај 2021 | |
| | | Поставување на линк до алатката за транспарентот во која се даваат на увид трошењата на носителите на јавни функции | Одделение за односи со јавност, протокол и превод | | мај 2021 | |
| **4. Поактивна транспарентност**<br><br>Транспарентно и навремено објавување суштински информации ја зголемуваат довербата на граѓаните во работата на институцијата, како и заложбите кои институцијата ги презема за да превенира коруптивни практики. Со тоа, на службениците и граѓаните им се дава импулс за да се охрабрат да пријавуваат коруптивни практики или појави. | | | | | | |
| **Р.бр** | **Активност** | **Активност/Резултат** | **Носител/сектор** | **Соработка** | **Временска рамка** | **Предуслови** |
| 4.1 | Воведување и објавување на регистар на имот во сопственост | Анализа, попис и објава на движен имот на МИОА | Сектор за нормативно-правни работи, Сектор за финансиски | СОЗР | јуни 2020 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | на МИОА | | прашања | | | |
| | | Анализа, попис и објава на недвижен имот на МИОА | Сектор за нормативно-правни работи, Сектор за финансиски прашања | СОЗР, Катастар | јуни 2020 | |
| | | Попис и објава на листа на моторни возила во сопственост на МИОА | Сектор за финансиски прашања | СОЗР | јуни 2020 | |
| 4.2 | Зголемување на институционалната транспарентност | Објавување на информациите од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер | Одделение за информирање, лице за слободен пристап до информации од јавен карактер | | април 2021 | |
| | | Обуки на вработените за ЗСПИЈК | Државен секретар, Академија за стручно усовршување на административните службеници | АЗСПИЈК | континуирано | Потпишување Меморандум или др. вид договор за соработка |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3 | Онлајн-кампања за борба против корупцијата (ФБ профил/социјалните мрежи) | „Збор на денот“, при што ќе бидат опфатени кратки и концизни дефиниции за поимите содржани во овој документ | Одделение за информирање, Сектор за нормативно-правни работи | | континуирано | |

## Улоги, одговорности, процес на следење и мониторинг

За ефективна и ефикасна борба со корупција, институциите треба да имаат и ефикасни и ефективни механизми за управување со процесот на следење и мониторинг на состојбата со корупцијата, како и за состојбите во однос на судир на интереси, интегритет и примање подароци, како аспекти кои се во директна врска со корупцијата. За таа цел, Министерството за информатичко општество и администрација има назначено лице одговорно за прашања од областа Интегритет, примање подароци и судир на интереси, чии податоци се јавно достапни на веб-страницата на министерството.

Секој сектор кој е надлежен за одредена активност, доставува месечен извештај до лицето назначено за интегритет, примање подароци и судир на интереси, со цел да се има постојан увид и да се следи состојбата во министерството во однос на овие аспекти, односно Антикорупцискиот план. Дополнително на ова, по изготвување нови нацрт-стратешки план и буџет, како и по потреба, во Министерството ќе се врши ревизија со цел објективно проверување информации и потврдување на нивната точност или потенцијална интервенција, односно корекција на одредени аспекти.

Преку овие механизми, меѓу другите, во Министерството за информатичко општество и администрација се обезбедува ефикасен и ефективен процес на следење и мониторинг, се овозможува навремена детекција на недостатоци, доколку ги има, а дополнително, се минимизира потенцијалот за појава на судир на интереси и за примање подароци и се обезбедува начин на работење во кое се отсликува интегритет и професионализам.